# Пат за спасување

«Секое писмо од Бога дадено
корисно е за учение»

**Друштво за ширење
Светог Писма**
3 Eccleston Street London SW1W 9LZ

Словото Божјо е живо и дејствува и е поостро од секаков меч со две острици.

Евреите 4, 12.

Речта моја... нема да се врати кон мене празна, туку ќе стори што ми е драго, и срећно ќе сврши това на што ќе ја испратам.

Исаја 55, 11.

Речите твои кога се јават, просветлуваат и вразумуваат.

Псалом 119, 130.

## Создавањето на земјата

Во почетокот створи Бог небото и земјата.

1 Книга Мојсеева 1, 1.

Сé постана преку Него и без Него ништо не стана, што постана.

Евангелие од Јована 1, 3.

## Создавањето на човекот

И создаде Бог човекот по изгледот свој, по изгледот Божји го создаде, машко и женско ѓи створи.

1 Книга Мојсеева 1, 27.

Го создаде Господ Бог човекот од правот на земјата, и му вдиша во носот дух на живот, и постана човекот душа жива. И посади Господ Бог градина во Едем на

исток; и таму го постави човекот, кој го створи.

I Кн. Мојсеева 2, 7, 8.

И земајќи Господ Бог човекот го постави во Едемската градина, да ја обработува и да ја чува. И нареди му Господ Бог на човекот: Јади слободно од секое дрво во градината; ама од дрвото за познавање добро и зло да не јадеш; во кој ден ќе вкусеш од него ќе умреш.

I Кн. Мојсеева 2, 15-17.

## Првата појава гревот

Но змијата беше по лукава од сите ѕверови полски кој створи Господ Бог; па рече на жената: Вистина ли е да Бог рече да не јадете од секое дрво во градината?

А жената рече на змијата: Ние

јадеме од плодовите на секое дрво во градината; само од плодовите на она дрво во сред градината, кажа Бог, не јадете и не го фаќајте, за да не умрете.

А змијата рече на жената: Нема вие да умрете; туку знае Бог, дека во оној ден кога вкусите од него ќе ви се отворат очите, па ќе постанете како богови и ќе знаете што е добро и што е зло. И жената гледајќи да е плодот на дрвото добар за јадење и да милина е да го гледаш и дека е дрвото многу слатко за да дава знание, скина од родот негов и го вкуси, па му даде и на својот маж, та и он го опроба.

1 Кн. Мојсеева 3, 1–6.

А Господ Бог рече на жената: Зошто това го створи? А жената одговори: Змијата ме излажа, та јадев.

Тогаш рече Господ Бог на змијата: Кога си това сторила, да си проклета помеѓу сите животни и помеѓу сите ѕверови полски; по корем да се влечеш и земја да јадеш до својот крај на животот.

И уште ставувам непријателство измеѓу тебе и жената и измеѓу семето твое и семето нејзино; оно ќе те наранува на главата а ти ќе го нарануваш во петата.

А на жената рече: На тебе многу маки ќе ти сторам кога забремениш, со маќи ке раѓаш децата си и вољата твоја ќе стои под власта на мажот твој и тој ќе ти биде господар.

А потова рече на Адам: Затова што ја послуша жената твоја и вкуси од дрвото од кое ти забранив велејки ти, да не јадеш од него; земјата да е

проклета поради тебе; со мака ќе се храниш од неа до крајот на животот си; трне и шипови ќе ти раѓа, а ти ќе јадеш полската трева; со пот на лицето си ќе јадеш лебот; додека се не вратеш во земјата од која си и земен; бидејки си земја и во земјата ќе се вратеш.

1 Кн. Мојсеева 3, 13-19.

И беше исфрлен големиот змев — старата змија, наречена ѓавол; исто така и сатана, кој ја мами целата в селена.

Откровение Јованово 12, 9.

Гревот влезе во светот преку еден човек, а преку гревот — смртта, и по таков начин смртта прејде на сите луѓе преку еден човек, оти сите згрешија.

Послание до Римјаните 5, 12.

## Кривицата на човекот пред Бога

Сите ние како овци се заблудивме; секој од нас се обрна на својот си пат, и Господ стави на Него беззаконијата од сите нас.

Исаја 53, 6.

Господ погледна од небето на синовите човечки, да виде имали кој разумен, кој да бара Бога. Сите се одбија од патот си, заедно се рзвратија, нема кој да прави добро, нема ниту еден.

Псалом 14, 2, 3.

Како што е пишано: Нема ниеден праведен... тие не го познаа патот на мирот. Страв Божји нема пред очите нивни... сите згрешија и сите се лишени од славата Божја.

Послание до Римјаните 3, 10, 17, 18, 23.

Писмото затвори се под грев.

Послание до Галатјаните 3, 22.

## Љубовта Божја спрему човекот

Бог толку го возљуби светот, што Го даде Својот Единороден Син, та секој што верува во Него да не погине, но да има живот вечен.

Евангелие од Јована 3, 16.

Божјата љубов кон нас се покажа во това, што Бог Го испрати во светот Својот Единороден Син, за да живееме преку Него. Во това се состои љубовта, што не ние го засакавме Бога, туку Бог нас не́ возљуби и го прати Синот Свој, за да ги очисти гревовите наши.

1 Послание Јованово 4, 9, 10.

## Довоѓането на Синот Божји на светот

Верни се и достојни за секакво примање зборовите, дека Христос Исус дојде во светов да ги спаси грешниците.

1 Послание до Тимотеја 1, 15.

Исус Христос... Сам Себе се понизи, откако зема обличје на слуга и се изедначи со луѓето; и по вид се покажа како човек.

Послание до Филипјаните 2, 5, 7.

Во светот беше и светот преку Него постана, но светот не Го позна.

Евангелие од Јована 1, 10.

## Неговото раѓање

Раѓањето на Исуса Христа стана така: по свршувачката на мајка Му

Марија за Јосифа, уште пред да заживеат, се виде дека е тешка од Светиот Дух... а сето тоа стана за да се исполни кажаното од Господа преку пророкот, кој вели: «И ете, девица ќе зачне во утробата своја и ќе роди Син, и ќе Го наречат Емануил што значи: со нас е Бог».

Евангелие од Матеја 1, 18, 22, 23.

Таа (Марија) ќе роди Син и ќе Му ставиш име Исус, зашто Тој ќе го спаси Својот народ од неговите гревови.

Евангелие од Матеја 1, 21.

## Неговиот живот на светот

Бог Го помаза со Дух и сила Исуса од Назарет и Тој одеше вршејќи добри дела и исцерувајќи ги сите што беше ги нападнал ѓаволот, зашто Бог беше со Него.

Дела Апостолски 10, 38.

И одеше Исус по сите градови и села, и ѓи поучуваше по нивните синагоги, го проповедаше Евангелието на царството; и лекуваше секаква болест и немоќ во народот.

Евангелие од Матеја 9, 35.

И дојде при Него многу народ, кој имаше со себе хроми, слепи, неми, фатени и многу други, и ги положија пред нозете на Исуса, и Тој ги исцери.

Евангелие од Матеја 15, 30.

## Неговата смрт за наше измирување

Синот Човечки треба да биде предаден на луѓе грешници и да биде распнат.

Евангелие од Лука 24, 7.

И кога дојдоа на местото, наречено Черепница, Го распнаа... а Исус

рече: Оче, прости им, оти не знаат што прават.

Евангелие од Лука 23, 33, 34.

Презрен беше и одфрлен између луѓето, човек на скрби и навикнат на болести... а Тој болестите наши ѓи понесе и немоќта наша ја зема на Себе а ние си помисливме дека е ранет, дека Го Бог бие и мачи. А Тој беше ранет за нашите престапи, биен за нашите беззаконија... и со раните Негови ние се излечивме. Сите ние како овци се заблудивме, секој од нас се обрна на својот си пат, и Господ ѓи стави на Него неправдите од сите нас... и беше отсечен од сред земјата на живите, и за преступите на народот мој беше ранен.

Му одредија гроб со злочинците, но по смртта беше со богатите, затова

што не стори неправда, ниту се најде превара во устата Негови... затова предаде Себе Си на смрт, и беше ставен између злочинците, а Сам понесе гревовите на мнозина и за злочинците се молеше.

Исаја 53, 3–6, 8, 9, 12.

Христос умре за нашите гревови, според Писмото.

1 Послание до Коринтјаните 15, 3.

Исус рече: ... Јас сум добриот пастир; добриот пастир си ја полага душата своја за овците... И други овци имам, што не се од ова трло, и нив треба да ги приберам; па ќе го чујат гласот Мој и ќе биде едно стадо и еден Пастир.

Евангелие од Јована 10, 7, 11, 16.

## Неговото Воскресение и Вознесение

Така е напишано и така требаше да пострада Христос, и да воскресне од мртвите на третиот ден, и да биде проповедано во Негово име покајание и прошка на гревовите при сите народи.

Евангелие од Лука 24, 46, 47.

Него Бог Го воскресна на третиот ден и Му даде да се појавува, но не на целиот народ, туку само нам, предизбрани од Бога сведоци.

Дела Апостолски 10, 40, 41.

Тој Се претстави жив по Своето страдање со многу верни докази, јавувајќи им Се преку четириесетте дни и зборувајќи им за царството Божјо... И штом го рече тоа, докека тие Го гледаа, Тој се подигна, и облак Го подзеде од пред очите нивни.

Дела Апостолски 1, 3, 9.

Навистина, голема е тајната на побожноста; Бог се јави во тело, посведочен беше од Духот, се покажа на ангелите, беше проповедуван на народите, Светот Му поверува, и се вознесе во слава.

1 Послание до Тимотеја 3, 16.

Христос воскресна од мртвите и со тоа стана првенец за умрените, бидејќи смртта дојде преку човекот, така и воскресението од мртвите стана преку човек. И како што по Адама сите умираат, така и по Христа сите ќе оживеат.

1 Послание до Коринтјаните 15, 20–22.

## Божниот пат за спасување

Што треба да направам, за да се спасам?... Поверувај во Господа Исуса Христа, и ќе се спасиш ти и целиот твој дом.

Дела Апостолски 16, 30, 31.

Покајте се пак и обратете се, за да се очистите од гревовите ваши.

Дела Апостолски 3, 19.

Покајте се и секој од вас да се крсти во името на Исуса Христа за опростување на гревовите; и ќе примите дар од Светиот Дух.

Дела Апостолски 2, 38.

Ако ги исповедуваме гревовите свои, Тој е верен и праведен за да ни ги прости гревовите и да нѐ очисти од секаква неправда.

1 Послание Јованово 1, 9.

Ако со устата Го исповедаш Господа Исуса и со срцето свое поверуваш дека Бог Го воскресна од мртвите, ќе се спасиш, бидејќи со срцето се верува за оправдание, и со устата се исповедува за спасение.

Послание до Римјаните 10, 9, 10.

По благодат сте спасени преку верата; и тоа не е од вас — Божји дар е.

Посланиe до Ефесјаните 2, 8.

Секој, кој го призове името Господово, ќе се спаси.

Посланиe до Римјаните 10, 13.

Исус рече: Кој доаѓа при Мене, нема да го испадам надвор.

Евангелие од Јована 6, 37.

Животот вечен е това, да Те познаат Тебе Единиот вистински Бог, и испратениот од Тебе Исуса Христа.

Евангелие од Јована 17, 3.

## Искупување со Крвта Негова

Сега во Христа Исуса вие, кои некогаш бевте далеку, станавте блиски преку крвта Христова.

Послание до Ефесјаните 2, 13.

Крвта на Исуса Христа, Неговиот Син, нé очистува од секаков грев.

1 Послание Јованово 1, 7.

Во Него благоволи Отецот да има секаква полнотија, и преку Него да измири сé со Себе, било земно, било небесно, умири го со крвта на Неговиот крст.

Послание до Колосјаните 1, 19, 20.

Знаејќи дека со пропадливо сребро или злато не сте искупени... туку со скапоцената крв на непорочното и чисто Јагне Христос.

1 Послание Петрово 1, 18, 19.

Во Кого имаме откуп преку Неговата крв, прошка на гревовите по богатството на Неговата благодат.

Послание до Ефесјаните 1, 7.

Бидејќи животот на телото е во крвта... и крвта е која прави умилостивение за душата.

3 Кн. Мојсеева 17, 11.

Кој е во Христа, тој е ново создание; старото помина; ете, сé стана ново.

2 Послание до Коринтјаните 5, 17.

## Духот Свети

Исус рече: Јас ќе Го помолам Отецот, и Тој ќе ви даде друг Утешител, за да биде со вас довека, Духот на вистината, Кого светот не може да Го прими, затова што Го не гледа, ниту Го познава; а вие Го познавате, зашто во вас е и во вас ќе биде.

Евангелие од Јована 14, 16, 17.

Утешителот... Духот свети, Кого Отецот ќе Го испрати во Мое име, Тој ќе ве научи на сé.

Евангелие од Јована 14, 26.

Не Го оскрбувајте Светиот Дух Божји, со Кој сте запечатени за денот на избавувањето.

Послание до Ефесјаните 4, 30.

Живејте по духот, и желбите на телото ваше не извршувајте ги.

Послание до Галатјаните 5, 16.

Сите оние што се управуваат по Духот Свети, се синови Божји.

Послание до Римјаните 8, 14.

Исполнувајте се со Дух.

Послание до Ефесјаните 5, 18.

Плодот на духот е: љубов, радост, мир, долготрпеливост, благост, милосрдност, вера, кротост, воздржливост. Против такви нема закон.

Послание до Галатјаните 5, 22, 23.

## Осветување

Затова волјата Божја е таа: да бидете осветени.

1 Послание до Солунјаните 4, 3.

Освети ги со Својата вистина; Твоето слово е вистина.

Евангелие од Јована 17, 17.

Оној, што осветува, и оние, што се осветуваат, сите се од еден; и затоа Исус Христос не се срамува да ги нарече браќа.

Послание до Евреите 2, 11.

Сметајте се мртви за гревот, и живи за Бога во Христа Исуса, нашиот Господ.

Послание до Римјаните 6, 11.

Сега, кога се ослободивте од гревот и му станавте служители на Бога,

вашиот плод е светост, а крајот — живот вечен.

Послание до Римјаните 6, 22.

Сам Бог на мирот да ве освети наполно во сé, и целиот ваш дух и душата и телото да се запазат без порок при доаѓањето на нашиот Господ Исуса Христа. Верен е Оној, Кој ве призовува, Кој и ќе го направи тоа.

1 Послание до Солунјаните 5, 22–24.

## Молитвата

Што и да посакате од Отецот во Мое име, ќе ви го направам, за да се прослави Отецот во Синот. Ако посакате нешто во Мое име, Јас ќе го направам.

Евангелие од Јована 14, 13, 14.

Ако останете во Мене, и зборовите

Мои во вас, тогаш, што и да посакате, барајте, и дадено ќе ви биде.

Евангелие од Јована 15, 7.

Барајте и ќе добиете, за да биде радоста ваша полна.

Евангелие од Јована 16, 24.

Затоа ви велам: сé што побарате во молитва, верувајте дека ќе го добиете; и ќе ви биде.

Евангелие од Марка 11, 24.

Со секаква молитва и просба молете се со духот во секое време и грижете се за тоа со постојанство и молба за сите светии.

Послание до Ефесјаните 6, 18.

Молете се постојано.

1 Послание до Солунјаните 5, 17.

## Службата и трпението

Исус рече: Ако некој сака да врви по

Мене, нека се одрече од себе, да го земе својот крст и да оди по мене.

Евангелие од Матеја 16, 24.

Бог е силен да умножи во вас секаква благодат, та, имајќи секогаш доволно сé, да бидете од сé срце дарежливи во секое добро дело.

2 Послание до Коринтјаните 9, 8.

Бидете тврди, непоколебливи и секогаш напредувајте во делото Господово, знаејќи дека трудот ваш пред Господа нема да биде залуден.

1 Послание до Коринтјаните 15, 58.

Вам ви се даде дар поради Христа не само да верувате во Него, туку и да страдате за Него.

Послание до Филипјаните 1, 29.

Ако страдате за правда, блажени сте; а од страв пред нив не плашете се, ниту пак боите.

1 Послание Петрово 3, 14.

Ако ве укоруваат за името Христово, благо вам, оти Духот на славата и Духот Божји почиваат на вас: тие значи на Него хулат, а вие — Го прославувате.

1 Послание Петрово 4, 14.

**Идолопоклонството од Бога забрането**

Јас сум Господ Бог твој... Немој да имаш други богови освен Мене. Не си прави ликови (идоли) ниту какви слики од онаа што е горе на небото, или доле на земјата, или во водата долу под земјата. Немој да им се поклонуваш, ниту да им служиш, затова што сум Јас Господ Бог твој, Бог ревнив.

2 Кн. Мојсеева 20, 2–5.

Сите богови во народот се ништо а Господ е створил вселената.

Псалам 96, 5.

Знаеме дека идолот не е ништо во

светот и дека друг Бог нема, освен Единиот Бог.

1 Послание до Коринтјаните 8, 4.

Имаме само еден Бог Отец, од Кого е сé, и ние сме во Него, и еден Господ Исус Христос, преку Кого е сé и ние сме преку Него.

1 Послание до Коринтјаните 8, 6.

Исус му рече: бегај од Мене, Сатано, зашто е пишано — на Господа, твојот Бог, ќе Му се поклониш и само Нему ќе Му служиш.

Евангелие од Матеја 4, 10.

Затоа умртвете ги своите земни членови, односно пороците: блудството, нечистотата, сласта, лошата желба, лакомоста, кое е идолопоклонство. Поради тие пороци иде гневот Божји врз синовите на непослушноста.

Послание до Колосјаните 3, 5, 6.

## Опасност, ако се спасувањето Божие одбие

Како ќе избегнеме, ако занемариме такво големо спасение.

Послание до Евреите 2, 3.

Кој верува во Синот, има живот вечен; а кој не верува во Синот, нема да види живот, но гневот Божји ќе биде врз него.

Евангелие од Јована 3, 36.

Кој ве научи да бегате од гневот што иде?

Евангелие од Лука 3, 7.

Кој победува, ќе наследи сé, и ќе му бидам Бог, а тој ќе Ми биде син. А на плашливците и неверните, на поганите, крвниците, на блудниците и магесниците, на идолопоклониците и на сите што лажат, делот им е во езерото, што гори со оган и сулфур; тоа е втората смрт.

Откровението Јованово 21, 7, 8.

## Избавување од злото и од сатаната

Бог на мирот наскоро ќе го сотре сатаната под нозете ваши.

Послание до Римјаните 16, 20.

Благодарејќи Му на Бога и Отецот, Кој... нé избави од власта на темнината и нé воведе во царството на Својот возљубен Син.

Послание до Колосјаните 1, 12, 13.

Затоа се јави Синот Божји, за да ги урне делата ѓаволски.

1 Послание Јованово 3, 8.

Благодат и мир на вас од Бога и Отецот и нашиот Господ Исуса Христа, кој Се даде Себе Си за нашите гревови, за да нé избави од сегашниот лукав век, по волјата на Бога и нашиот Отец. Кому нека е слава во веки веков.

Послание до Галатјаните 1, 3–5.

Облечете се во сето оружје Божјо, за да се одржите против ѓаволското лукавство.

Послание до Ефесјаните 6, 11.

Да Му благодариме на Бога, Кој ни дарува победа преку нашиот Господ Исуса Христа.

1 Послание до Коринтјаните 15, 57.

**Второто довоѓане на Христа**

Исус рече: Пак ќе дојдам и ќе ве земам вас при Себе, да и ви бидете каде што сум и Јас.

Евангелие од Јована 14, 3.

Овој Исус, Кој од вас се вознесе на небото, ќе дојде пак по истиот начин, како што Го видовте да оди на небо.

Дела Апостолски 1, 11.

Сам Господ со заповед, при глас на архангел и при труба Божја, ќе слегне од небото, и најнапред ќе воскреснат мртвите во Христа а потоа ние, што сме останале живи, заедно со нив ќе бидеме грабнати на облаците, за да се сретнеме со Господа на небото, и така секогаш ќе бидеме со Господа.

I Послание до Солуњаните 4, 16, 17.

Знаеме дека, кога ќе се покаже, ќе бидеме слични на Него, оти ќе Го видиме каков што е.

I Послание Јованово 3, 2.

Па така, бидете будни, зашто не знаете во кој час ќе дојде вашиот Господ... затоа бидете и вие готови, зашто во кој час и не мислите, ќе дојде Синот Човечки.

Евангелие од Матеја 24, 42, 44.

И еве, ќе дојдам скоро, и отплатата Моја е со Мене, за да му дадам на секого според делата негови.

Откровението 22, 12.

Зборува оној, кој го сведочи ова: да, ќе дојдам скоро!

Амин! Да, дојди, Господи Исусе!

Откровението 22, 20.

## Кон Читателите

Наведените цитати се само кратки извадоци од Библијата (Светото Писмо) — Речите Божии — во кој се навоѓат многу слични речи на Божијата Истина и љубов.

Секој проповедник на Еванѓелието ќе е со радост готов, да Вас Ве запознае со Библијата и да на Вас истото набави или да Ви даде насловот (адресата) на продавацот на Библиите.